Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управата ("Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 54 од Законот за ученичкиот стандард ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/05, 117/08, 17/11, 135/11 и 15/13), Министерството за образование и наука, во соработка со Технолошко – металуршкиот факултет, Машински факултет и Факултетот за Информатички науки и компјутерско инженерство, распишува

# КОНКУРС
## за избор на 45 (четириесет и пет) стипендисти за двонеделен летен камп за талентирани ученици во Битола

Министерството за образование и наука во соработка со Технолошко – металуршкиот факултет, Машински факултет и Факултетот за Информатички науки и компјутерско инженерство, ќе избере 45 (четириесет и пет) стипендисти за летен камп за талентирани ученици. **Кампот ќе се одржи од 10 – 24 јуни 2013 година во Хотел Молика, Пелистер, Битола**.

Конкурсот е наменет за ученици кои покажале извонреден талент и освоиле награди на реномирани меѓународни, балкански или државни натпревари од областа на математиката, физиката, хемијата и информатиката.

Стипендијата ќе ги опфати трошоците за двонеделниот престој, превоз од Скопје до кампот и назад.

На летниот камп ќе се одржат три различни курсеви, организирани од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Технолошко-металуршкиот факултет, како и Машински факултет.

Учениците смеат да пријават интерес за повеќе курсеви но, согласно нивните преференции и резултати, **ќе можат да учествуваат само на еден.**

Курсевите за кои можат да се пријават учениците се:

- Основи на роботика (организиран од ФИНКИ)
- Наноматеријали и нанотехнологии (организиран од ТМФ)
- Иновативно машинско инженерство (организиран од МФС)

## I. УСЛОВИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТИПЕНДИЈА

Право на пријавување имаат талентирани ученици кои се втора и трета година средно образование, и учениците кои минатата година беа добитници на четирите стипендии за летниот камп за талентирани млади (Center for Talented Youth, Johns Hopkins University) во Соединетите Американски држави:

1. Да се редовни ученици во средно училиште во Република Македонија;
2. Да се добитници на награди, дипломи, признанија од признаени државни, балкански и/или меѓународни натпревари;
3. Да имаат постигнат континуиран одличен успех во средно образование;

4. Да не повторувале година во текот на образованието;
5. Да се државјани на Република Македонија;

## II. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

За да се пријават на конкурсот кандидатите треба да се регистрираат на следната веб страна: www.summercamp.finki.ukim.mk **најдоцна до 25.04.2013 година до 10:00 часот.** Изборот ќе се врши по пат на тестирање.

Кандидатите кои се пријавуваат за Иновативно машинско инженерство ќе бидат тестирани математика и физика. **Тестирањето ќе се одржи четврток, 25.04.2013 година во 11:00 часот во Амфитеатарот на Машински Факултет - Скопје.**

Кандидатите кои се пријавуваат за Наноматеријали и нанотехнологии ќе бидат тестирани математика и хемија, и тестирањето ќе се одржи во **петок 26.04.2013 година, во 11:00 часот во просторија 315 на Технолошко - металуршкиот факултет – Скопје**.

Кандидатите кои се пријавуваат за Основи на роботика ќе бидат тестирани математика и информатика. **Тестирањето ќе се одржи во сабота, 27.04.2013 година со почеток во 10:00 часот во Амфитеатарот на Технолошко - металуршки факултет.**

Кандидатите можат да се пријават за едно, две или за сите три тестирања. Успешниот кандидат за време на летниот камп ќе изучува само еден курс. Доколку кандидатот се пријавил и тестирал за повеќе од еден курс, изборот за финалниот курс ќе се направи согласно направената евалуација од доставените документи од кандидатот, неговите преференциите и резултатите постигнати од тестирањето.

На денот на тестирање, пред тестирањето кандидатите мора да ги приложат следниве документи:

1. Резиме на кандидатот (истото да содржи контакт информации, име и презиме, телефон, адреса на живеење, и е-пошта, за кандидатот како и листа на сите поднесени документи);
2. Потврда за редовен ученик во учебната 2012/2013 година;
3. Фотокопии од свидетелства за претходно завршените години на средно образование;
4. Фотокопија од уверение за државјанство на Република Македонија;
5. Фотокопии од дипломи, награди, признанија од државни, балкански и/или меѓународни натпревари.

Фотокопираните документи **не е потребно** да се заверуваат на нотар.

Листата со избраните кандидати ќе биде објавена на интернет порталот www.stipendii.mon.gov.mk .

Лице за контакт Елена Гачева, тел. 02 3140 106 е-пошта: elena.gacheva@mon.gov.mk